РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 08-2339/1
21.02. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 171 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и член 108-б од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), а согласно член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за образование и наука, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за одземање на вршење на работи од надлежност на Градоначалникот на општина Гостивар

1. Со ова решение, Министерството за образование и наука ја одзема надлежноста на Градоначалникот на општина Гостивар за именување и разрешување на директори на општински основни училишта и директори на општински средни училишта на територијата на општина Гостивар, согласно член 171 од Законот за основното образование и член 108-б од Законот за средното образование.

2. Вршењето на одземените работи од надлежност на Градоначалникот на општина Гостивар за именување и разрешување на директори на општински основни училишта и директори на општински средни училишта на територијата на општина Гостивар, го презема Министерството за образование и наука во траење од девет месеци.

3. Одземените работи од надлежност на Градоначалникот на општина Гостивар за именување и разрешување на директори на општински основни училишта и директори на општински средни училишта на територијата на општина Гостивар, Министерството за образование и наука ќе ги врши во име и за сметка на општина Гостивар.

4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

## Образложение

Министерството за образование и наука, постапувајќи во рамките на своите надлежности за вршење надзор над работата на органите на општината утврдени во член 170 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и член 108-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), а постапувајќи со цел да се овозможи непречено и законито вршење на

работите од областа на основното и средното образование, утврди дека Градоначалникот на општина Гостивар ги врши своите надлежности за именување и разрешување на директори на општински основни училишта и директори на општински средни училишта на територијата на општина Гостивар спротивно на одредбите од членовите 132, 133, 134, 135 и 136 од Законот за основното образование и спротивно на одредбите од членовите 93, 93-б, 93-в и 93-г од Законот за средното образование. Имено, од страна на Државниот просветен инспекторат на ден 18.12.2017 година извршен е инспекциски надзор во СОМУ „Гостивар" во Гостивар и со Записник бр. 08-552/1 од 18.12.2017 година, констатирено е дека при разрешувањето на Агрон Алипи од должноста директор на училиштето не е постапено во целост согласно член 93, 93-б, 93-в од Законот за средното образование. Врз основа на извршениот инспекциски надзор Државниот просветен инспекторат до Градоначалникот на општина Гостивар достави Укажување ИПИ1 бр. 09-552/2 од 19.12.2017 година, со кое му се наложува на градоначалникот на општина Гостивар, во рок од 15 дена, да преземе активности и мерки за надминување на состојбата и повредата на законските прописи, со донесување на решение за разрешување на Јетон Сулејмани, новоизбраниот вршител на должноста директор на СОМУ „Гостивар" во Гостивар. На ден 26.01.2018 година, од страна на Државниот просветен инспекторат, извршен е контролен инспекциски надзор во СОМУ „Гостивар" во Гостивар, при што е констатирано со Записник бр.08-552/3 од 26.01.2018 година дека Градоначалникот на општина Гостивар не постапил по Укажувањето ИПИ1 бр. 09-552/2 од 19.12.2017 година на Државниот просветен инспекторат. На ден 26.01.2018 година со Известување бр.ИП1 09-552/4 од 26.01.2018 година известен е министерот за образование и наука со цел за запознавање со состојбата во училиштето во однос на постапката за разрешување на директорот на СОМУ „Гостивар" во Гостивар, и на натамошна надлежност на Министерството за образование и наука.

Исто така, од страна на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека е постапено спротивно на член 91 став 11, 93, 93-б и 93-в од Законот за средното образование при постапката за разрешување на директор на СОУ "Гостивар" во Гостивар, за што е изготвен Записник за извршен инспекциски надзор бр.08-551/1 од 18.12.2017 година, Укажување до Градоначалникот на општина Гостивар ИПИ1 бр.09-551/2 од 19.12.2017 година и Записник од контролен инспекциски надзор бр.08-551-2/3 од 13.02.2018 година. За истото е доставено Известување бр.09-306/1 од 14.02.2018 година до Министерството за образование и наука.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека е постапено спротивно на член 91 став 11, 93, 93-б и 93-в од Законот за средното образование при постапката за разрешување на директор на ОСТУ "Гостивар" во Гостивар, за што е изготвен Записник за извршен инспекциски надзор бр.08-546/1 од 15.12.2017 година, Укажување до Градоначалникот на општина Гостивар ИПИ1 бр.09-546/2 од 19.12.2017 година и Записник од контролен инспекциски надзор бр.08-546-3/3 од 13.02.2018 година. За истото е доставено Известување бр.09-307/1 од 14.02.2018 година до Министерството за образование и наука.

Исто така, од страна на Државниот просветен инспекторат на ден 15.12.2017 година извршен е инспекциски надзор во ООУ „Исмаил Ќемали" во Гостивар и со

Записник бр. ИП1 08-548/1 од 15.12.2017 година, констатирено е дека при разрешувањето на Бејтула Заими од должноста директор на училиштето не е постапено во целост согласно членовите 132, 133, 134 и 135 од Законот за основното образование. Врз основа на извршениот инспекциски надзор Државниот просветен инспекторат до Градоначалникот на општина Гостивар достави Укажување ИПИ1 бр. 09-548/3 од 16.12.2017 година, со кое му се наложува на градоначалникот на општина Гостивар, во рок од 15 дена, да преземе активности и мерки за надминување на состојбата и повредата на законските прописи, со донесување на решение за разрешување на Шпреса Усеини, новоизбраниот вршител на должноста директор на ООУ „Исмаил Ќемали" во Гостивар. На ден 26.01.2018 година, од страна на Државниот просветен инспекторат, извршен е контролен инспекциски надзор во ООУ „Исмаил Ќемали" во Гостивар, при што е констатирано со Записник бр.08-548/3 од 26.01.2018 година дека Градоначалникот на општина Гостивар не постапил по Укажувањето 09-548/3 од 16.12.2017 година на Државниот просветен инспекторат. На ден 13.02.2018 година со Известување бр.ИП1 09-26 од 26.01.2018 година известен е министерот за образование и наука со цел за запознавање со состојбата во училиштето во однос на постапката за разрешување на директорот на ООУ „Исмаил Ќемали" во Гостивар, и на натамошна надлежност на Министерството за образование и наука.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека е постапено спротивно на членовите 132, 133, 134 и 135 од Законот за основното образование при постапката за разрешување на директор на ООУ "Форино" с.Форино, општина Гостивар, за што е изготвен Записник за извршен инспекциски надзор бр.08-550/1 од 18.12.2017 година, Укажување до Градоначалникот на општина Гостивар ИПИ1 бр.09-551/2 од 19.12.2017 година и Записник од контролен инспекциски надзор бр.08-550-2/3 од 13.02.2018 година. За истото е доставено Известување бр.09-304/1 од 14.02.2018 година до Министерството за образование и наука за незаконито постапување на Градоначалникот на општина Гостивар.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека е постапено спротивно на членовите 132, 133, 134 и 135 од Законот за основното образование при постапката за разрешување на директор на ООУ "Лирија" с.Вруток, општина Гостивар, за што е изготвен Записник за извршен инспекциски надзор бр.08-543/1 од 14.12.2017 година, Укажување до Градоначалникот на општина Гостивар ИПИ1 бр.09-543/3 од 19.12.2017 година и Записник од контролен инспекциски надзор бр.08-543-3/3 од 13.02.2018 година. За истото е доставено Известување бр.09-308/1 од 14.02.2018 година до Министерството за образование и наука за незаконито постапување на Градоначалникот на општина Гостивар.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека е постапено спротивно на членовите 132, 133, 134 и 135 од Законот за основното образование при постапката за разрешување на директор на ООУ "Ѓон Бузуку" с.Србиново, општина Гостивар, за што е изготвен Записник за извршен инспекциски надзор бр.08-545/1 од 15.12.2017 година, Укажување до Градоначалникот на општина Гостивар ИПИ1 бр.09-545/2 од 19.12.2017 година и Записник од контролен инспекциски надзор бр.08-543/3 од 13.02.2018 година. За истото е доставено Известување бр.09-305/1 од 14.02.2018 година до

Министерството за образование и наука за незаконито постапување на Градоначалникот на општина Гостивар.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е утврдено дека е постапено спротивно на членовите 132, 133, 134 и 135 од Законот за основното образование при постапката за разрешување на директор на ООУ "Фаик Коница" с.Дебреше, општина Гостивар, за што е изготвен Записник за извршен инспекциски надзор бр.08-542/1 од 14.12.2017 година, Укажување до Градоначалникот на општина Гостивар ИПИ1 бр.09-542/2 од 19.12.2017 година и Записник од контролен инспекциски надзор бр.08-542/3 од 13.02.2018 година. За истото е доставено Известување бр.09-303/1 од 14.02.2018 година до Министерството за образование и наука за незаконито постапување на Градоначалникот на општина Гостивар.

Во смисла на членовите 170 и член 171 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и членовите 108-а и 108-б од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), каде е утврдено дека Министерството за образование и наука го одзема вршењето на работите кои со закон се утврдени како надлежност на општината доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите на општината не го обезбедат извршувањето на работите кои со закон се утврдени како нејзина надлежност и за чие извршување одговорна е општината, по сила на овој закон им се одзема вршењето на сооодветната надлежност. Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, може да се поднесе тужба пред Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**
**Рената Дескоска**

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Градоначалникот на општина Гостивар
- Советот на општина Гостивар
- Министерство за финансии
- Министерство за локална самоуправа
- Државен просветен инспекторат
- архивата

Изготви:Милка Масникоса
Контролирал: Елена Ивановска
Одобрил: Назихтере Сулејмани